**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Данче Чурлинова**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.14**
**тел. 034 611-690**

**Образец бр.66**

**И.бр.221/2022**

Извршителот **Данче Чурлинова** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ЕУРОСТАНДАРД Банка АД Скопје- во стечај** од со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул,, Никола Кљусев,, бр. 2 Скопје, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.419/17 од 02.10.2017 на Нотар Аница Маџункова, против должникот **Даниела Балева** од со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на с. Баница бр. 51,**Костаќе Балев** с.Баница бр.51,заложен должник **Друшто за градежништво,производство тровија и услуги КРМЗОВ-МР ДООЕЛ** Струмица со седиште на ул.,,Невена Стојкова бр.1-1Струмица за спроведување на извршување во вредност 3.121.508,00 ден., на ден17.06.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-Кп.бр.7034,дел 7,влез 2,кат К3,број 21, намена на посебен/заеднички дел од зграда-стан со внатрешна површина од 69м2,

-Кп.бр.7034,дел 7, влез 2, кат К3, број 21, намена на посебен/заеднички дел од зграда-помошни простории(тераса,балкон,логија) со внатрешна површина од 12м2, запишани во Лист за предбележување на градба бр.52943 за КО Струмица при АКН Струмица,сопственост на заложниот должник Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги КРМЗОВ-МР ДООЕЛ Струмица.

Продажбата ќе се одржи на ден 08.07.2022 година во 12,00 часот во просториите на Извршител Данче Чурлинова ,ул.,,Ленинова бр.14 Струмица.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.221/2022 од 27.05.2022, изнесува 3.223.496,00денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Нотарски акт-договор за залог –хипотека ОДУ.бр..419/17 ОД 02.10.2017 година на Нотар Аница Маџункова,Налог за извршување бр.221/2022 година. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.Гаранцијата да биде уплатена најдоцна до денот на одржувањето на продажбата.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000178078 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027011503164.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Чурлинова

Д.-на: Должници,Заложен должник,

Полномошник на доверител,УЈП,Даночно одделение

Струмица

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.